**ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ-СКОПЈЕ**

Ул. „20 октомври“ бр. 8/2кат 1000 Скопје
www.isshs.edu.mk
info@isshs.edu.mk
Телефон:(+389 2) 31 16 750

# ЛИСТА НА ПРЕДМЕТИ ЗА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ОД ВТОР ЦИКЛУС: СТУДИИ НА ПОЛИТИКИ

[едногодишни студии] / [двегодишни студии]

(акредитирана одстрана на Одборот за акредитација и евалуација на високотообразование во Република Македонија)

## ПРВ СЕМЕСТАР ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ТЕОРИСКИПРЕДМЕТИ

**ВОВЕД ВО СТУДИИТЕ НА ПОЛИТИКИТЕ**
проф. д-р Катерина Колозова, редовен професор / научен советник
доц. д-р Гордан Георгиев, научен соработник

*Краток опис на предметот:* Предметот претставува воведно разбирање на политиките како процес на решавање на проблемите и како политички процес. Наставниот приод ќе биде од перспектива на различни фокусни актери и институции и ќе ја прикаже интеракцијата помеѓу развојот на политиките и институците, како и прегледот на нормативните и емпириските модели на креирање на политиките.

Содржината на овој наставен предмет ќе се темели врз максимата: „Што се политики (policy) и зошто истите се важни?“. При тоа, ќе се проучува начинот на кој терминот „политика“ е мобилизиран да даде смисла на она што се случува во и околу организациите и институциите. Ќе се проучуваат и различните димензии на политиките, како и нивното одделно влијание кон воспоставување на анализа (изучување) на истите.

**ГЛОБАЛНА ПОЛИТИЧКА ЕКОНОМИЈА И МАКРОПОЛИТИКИ НА ЕУ**
доц. д-р Бранимир Јовановиќ, научен соработник

*Краток опис на предметот:* Предметот ќе ја проучува улогата на економските процеси и финансиските политики во обликувањето на општеството и историјата на ЕУ. Ќе се разгледуваат тврдењата на одредени научници кои ги усвоиле клучните концепти, развиени од страна на Маркс – особено неговиот фокус на класа, процеси и односи, но и на оние го отфрлаат економскиот детерминизам на марксистичката теорија. Со ова, изучувањето на предметот ќе овозможи широка и интензивна употреба на анализата во појаснувањето на смислата на општеството и историјата на ЕУ, преку политичките, културните и економските процеси.

## ПРВ СЕМЕСТАР
## ЗАДОЛЖИТЕЛНИМЕТОДОЛОШКИПРЕДМЕТИ

**ЕПИСТЕМОЛОГИЈА НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ НАУКИ И ПРИМЕНЕТИТЕ ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ**
проф. д-р Катерина Колозова, редовен професор / научен советник

*Краток опис на предметот:* Изборот на истражувачките алатки и општиот методолошки приод во секое истражување зависи од изборот на епистемолошката рамка на истражувачот. Припадноста на определена теориска школа, претпоставува доследно придржување на епистемолошката рамка на која ја заговара школата на која истражувачот ѝ припаѓа и, со тоа, примена на методологија која произлегува од епистемолошкиот избор. Во овој предмет ќе ги изучуваме епистемолошките правци релевантни за општествената теорија и наука од почетокот на
20-тиот век па наваму: позитивизмот, структурализмот, постструктурализмот, конструктивизмоти и деконструкцијата, постколонијалната критика како епистемолошки приод и феминистичките епистемологии од 90-тите наваму. Но исто така, ќе се изучуваат и предмодерните епистемолоши модели, од дијахрониска перспектива. Ќе се загатнат темите на „објективно“ знаење наспроти знаењето создавано од истражувачки субјект кој ја подазбира личната вложеност (својствен на постструктурализмот) и настојува да ја осветли, емпирицизмот наспроти критичката теорија, универзализам и есенцијализам наспроти контекстуализација на знаењето, дускурс и субјект, итн. Клучни авторитети чии идеи ќе бидат изучувани се: Конт, Леви Строс и Сосир, Кун, Попер, Фуко, Фаерабенд и Квајн. Од дијахрониска перспектива, ќе бидат изучувани прашањата на дуализмот (Декарт), дедукционизмот наспроти индуктивната метода на емпирицистите, рационализмот наспроти теолошкиот ум (или принципот на вера/верба).

**ИСТРАЖУВАЧКИ МЕТОДИ И АКАДЕМСКО ПИШУВАЊЕ**
проф. д-р Дона Колар Панов, редовен професор / научен советник

*Краток опис на предметот:*
Прв дел: Истражувањето и прибирањето информации е наставен предмет во рамките на кој студентите ќе се стекнат со основни знаења за методите на истражување што се применуваат во

општествените науки. Предвидените наставни содржини ќе ги воведат студентите во: теоретската и епистемиолошката рамка на истражувачкиот процес; разликите меѓу квантитативната и квалитативната истражувачка стратегија; особеностите на главните квантитативни и квалитативни методи; основните принципи, правила и процедури на истражувачкиот процес; формулирањето на истражувачкиот проблем и изработката на нацртот (скицата) на истражувањето; истражувачките техники за собирање податоци, анализата и обработката на податоците, интерпретацијата на податоците и пишувањето истражувачки извештај, презентацијата на истражувачките податоци, како и меѓународните стандарди и кодекси за спроведување на истражувањата и др.

Втор дел: Академското пишување е дел од академската и интелектуалната подготвка на студентите на постдипломските студии, со цел да ги воведе во вештините на изготување на академски текстови – од студентски есеи и семинарски трудови, до истражувачки извештаи и до самостојни научни трудови како што се магистерски тези и докторски дисертации. Академското пишување се разликува од останатите форми на пишување поради својата структуираност, организација и употреба на строго утврдените норми, правила и конвенции, како за пишување на авторски текстови, така и за употреба и цитирање на туѓи текстови. Заради својата специфика развивана низ векови, академското пишување е потребно да се научи, имајќи во предвид дека академското пишување го карактеризира фактот дека  секогаш се пишува со познавање на целната публика.

## ВТОР СЕМЕСТАР
## ИЗБОРНИПРЕДМЕТИ

**ОСНОВИ НА СТУДИИ НА РАЗВОЈ**
доц. д-р Ристо Карајков, доцент / научен соработник

*Краток опис на предметот:* Во рамките на изучување на наставниот предмет, ќе се потенцира важноста на тоа како факторите се однесуваат едни на други во било која ситуација на развој. Со користење на реални, практични примери, ќе се покаже како развојот секогаш се менува и ќе се укаже на стратегиите кои треба да се применат, прилагодат и променат со појавувањето на нови проблеми. За таа цел, ќе се користат локални настани, весници, национални и меѓународни вести, како и наставни материјали објавени во други земји за да се илустрира тековниот развој на проблемите и како сето тоа влијае врз сопствениот живот. При тоа, ќе се нагласи дека нашите сознанија се привремени и студентите ќе се охрабрат да бараат нови или алтернативни решенија, наместо да бараат еден конечен „вистински одговор“.

**ВОВЕД ВО РОДОВИ СТУДИИ**
проф. д-р Катерина Колозова, редовен професор / научен советник

*Краток опис на предметот:* Родовите студии се интердисциплинарно подрачје кое и содржи комбинира пристапите на повеќе дисциплини од областа на општествените и хуманистичките науки, сосредочувајќи се на повеќеслојни прашања (поточно, теми) значајни за разбирањето на родот како културна/општествена и политичка категорија. Родовите студии го истражуваат прашањето на родот како идентитетско прашање. Идентитетот е комплексна категорија која

изискува комплексен пристап и со тоа подразбира примена на знаења од повеќе дисциплини, од психологија, социологија до политичка теорија и филозофија. Разнообразнота на дисциплинарниот пристап се одржува како единствена и доследна благодарение на терминолошко и епистемолошко обединување врзано за темите. Ќе се изучуваат концептите на знаење, моќ, дискурс, субјективитет, род, култура, јавен-приватен простор, идентитет и перформативност.

**ВОВЕД ВО СТУДИИ НА КУЛТУРАТА И КУЛТУРНИТЕ ПОЛИТИКИ**
доц. д-р Елизабета Баковска, доцент / научен соработник

*Краток опис на предметот:* Предметот е академско образложување на интердисциплинираното ,,постдисциплинираното" знаење од почетокот на 60-тите години па до денес. Ќе се проучуваат теориските аспекти на културата, мета-културата, доминантните со-односи на културните облици на моќта, хегемониските, антихегемониските процеси во развивањето на културните парадигми и промените и состојбите во современата култура, означени како ,,судири на значења" кои произлегуваат од различни социјално диференцирани ,,начини на живот". Програмата ќе се занимава со проучување на ,,институционалните" и не-институционалните концепти на културните студии и одредувањето на дисциплинарните/антидисциплинарните пресекувања во хуманистичките и општествените науки (филозофија, теорија, социологија, културна социологија, политичка економија, културна економија, историографија, филозофија на медиумите, етнографија, кративни индустрии). Ќе се укаже на влијанието на марксизмот, културализмот, семиотиката, структурализмот, постструктурализмот, феминизмот, постколонијалните дискурси и.т.н. Предметот во вториот дел ќе се осврне на целите, инструментите и механизмите на градењето и развивањето на културните политики.

**КУЛТУРА, РОД И СЕКСУАЛНОСТ ВО ЈАВНИТЕ ПОЛИТИКИ**
доц. д-р Ирена Цветковиќ, научен соработник

*Краток опис на предметот:* Предметот нуди содржинска структура која ги одразува случувањата во клучните области на социјалните политики. Ќе се работи на тоа студентите да ги разберат соодветните улоги на владата, приватниот и невладиниот (непрофитен) сектор во исполнувањето на потребите на граѓаните. Предметот добива интеркултурен фокус при истражување на социјалните димензии како што се расата, полот, етничката припадност, сексуалноста, попреченоста во развојот и возраста. Ќе бидат анализирани и современите општествени прашања, при што студентите ќе треба да направат баланс меѓу конкурентните сили на социјалните политики, интеркултурноста и економијата.

**СОВРЕМЕНИ ТРЕНДОВИ ВО СОЦИЈАЛНИТЕ ПОЛИТИКИ ВО ЕВРОПА**
доц. д-р Бранимир Јовановиќ, доцент / научен соработник

*Краток опис на предметот:* Во текот на последните две децении, европската интеграција стана сè повеќе политизирана. Наместо кога јавното мислење на Европската Унија, некогаш беше обележано со попустлив консензус, денес, ставовите на граѓаните на ЕУ често се појавуваат како

ограничувачки дисензуси за интеграција. И покрај промените во рамките на институциите на ЕУ кои се дизајнирани да го зголемат својот репрезентативен легитимитет и да го сменат начинот на кој политичките партии комуницираат со ЕУ, организацијата сè уште се соочува со критики за „демократски дефицит“. Овој предмет се фокусира на односот меѓу демократијата и ЕУ, преку следење на развојот на институционалните структури во рамките на Унијата, интеракциите помеѓу политичките партии и европската политика и јавното мислење и гласањето на Европските граѓани.

**ПРИМЕНЕТА ПОЛИТИЧКА ФИЛОЗОФИЈА**
доц. д-р Игор Јованоски, научен соработник

*Краток опис на предметот:* Философијата е науката која ги поставува темелите на системот на вредности на секоја историска епоха, вклучувајќи ги и оние на општествените поредоци кои се доминантни во дадениот период. Со други зборови, филозофијата ги пропишува основите на тоа како еден свет „се мисли самиот себе.“ Филозофските идеи се подлогата на промените во развојот на како на егзактната така и на општествената научна мисла. Идејата на демократија со која живееме денес е филозофски концепт, исто како и доминантните либерални идеи на „индивидуална слобода,“ „право на избор,“ човекови права. Повеќето од овие вредности се чинат саморазбирливи, но всушност не се – тие имаат историјат на нивно настанување, докажување и етаблирање како релевантни. Рационализмот во филозофијата наспроти теологијата ги воведе и цврсто ги етаблираше просветителските идеи на секуларизмот и либерализмот, според кои живееме и денес. Во ерата на технолошки и научен развој како и темелна трансформација на модерното општество заснована на деконструкцијата на идеите на класичниот просветителски хуманизам, реконфигурација на родовите и семејните односи, вградувањето на политичката идеологија во секојдневието на поединецот и повнатрешнување на објективниот политичко економски диктат како личен хабитус, потребно е да се запознаеме со идеите набиополитиката
(Фуко, Агамен), политичката теологија и теоријата на суверенитетот (Шмит), радикалната демократија (Лаклау и Муф), перформативност (Батлер), хабитус (Бурдје) и психаналитичката анализа на идеологијата како култура (Жижек).

**ВОВЕД ВО МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ И НАТО**
доц. д-р Ана Муковска, научен соработник

*Краток опис на предметот:*Предметот ќе понуди основа во разбирањето на меѓународните односи, опфаќајки ги концептите како што се: држава, меѓународен систем и моќ. Ќе се разработуваат теми поврзани со анализирање на надворешните политики, меѓународната политичка економија и прашањата од безбедносен карактер. Со ова, студентите ќе можат да ги применат концептите на меѓународните односи во пракса.

**ВОВЕД ВО ФИНАНСИСКА ЕКОНОМИЈА**
доц. д-р Бранимир Јовановиќ, научен соработник

*Краток опис на предметот:*Предметот претставува вовед во економијата и финансиите, низ призма на современите економски тенденции. Новите тенденции ја менуваат доминантната неолиберална парадигма која владее со економската мисла неколку децении. Некои од основните премиси на овие современи тенденции се дека економскиот раст не е единственото нешто за што економистите треба да се грижат, туку дека квалитетот на растот е поважен од самото ниво на растот, т.е. дека нееднаквоста е еднакво важна колку и растот. Оваа нова економска мисла не

верува дека пазарите се ефикасни, туку, напротив, смета дека тие мора да се регулираат. Ова особено се однесува на финансиските пазари, кои се познати како чести   генератори на економски кризи кои имаат штетни реални ефекти врз животот на луѓето.
Главниот столб на предметот е највлијателната економска книга во последните децении, „Капиталот на XXI век“, од Тома Пикети.

**СТУДИИ НА ПОЛИТИКИ ВО ЦИВИЛНИОТ СЕКТОР**
доц. д-р Калина Лечевска, научен соработник

*Краток опис на предметот:* Овој предмет ќе им пристапи на политиките како социјални решенија, стратегии и институционални процеси за управување и развој на општествата и културата. Современите културни политики ќе бидат разгледувани од аспект на нивното менување во контекст на глобализацијата, како и во однос на националните/локалните стратегии формулирани преку тековните културни струи и проток на капитал. Предметот ќе ги истражи главните социјални, политички и институционални фактори кои влијаат врз развојот на уметноста, медиумите, културните програми, социјалната инклузија, односно, ексклузија во современите општества. Клучните прашања на кои ќе се осврнеме се: империјализмот и национализмот, културното планирање, заедница и идеологија, како и други аспекти на односот меѓу културата ивладеењето.

**ТЕОРИСКА И ПРИМЕНЕТА ПСИХОАНАЛИЗА ВО СТУДИИ НА ПОЛИТИКИ**
Проф. д-р Катерина Колозова, редовен професор/наученсоветник

*Краток опис на предметот:*
Теориската психоанализа, особено нејзината лакановска традиција, зазема значајно место во современата родова теорија на идентитетот и субјективитетот. Значајни феминистички критички усвојувања на лакановската психоанализа – кои вклучуваат и субверзија на цели концептуални рамки ја збогатуваат феминистичката филозофија и теории на субјективитет, во смисла на суплементирање на нејзината културолошко-политичка критика. Од друга страна, значајни концепти и нивните придружни теориски елаборации кои доаѓаат од самите Фројд и Лакан (на пример, теоријата за зависта за пенисот, метафората на Фалусот или позицијата на Симболното кај Лакан) претставуваат предмет на темелна критика која коренито ја дестабилизира и доведува во прашање нивната теориска оперативност.

* Истакнати меѓународни експерти од областа на анализата и планирањето политики ќе бидат гости- предавачи на оваа програма: Хајнц Бонгартц, Горан Булдиоски и др.

**ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ-СКОПЈЕ**
Ул. „20 октомври“ бр. 8/2 кат,  1000 Скопје
www.isshs.edu.mk
info@isshs.edu.mk
Телефон:(+389 2) 31 16 750